# Швајцарија и Австрија





# Швајцарија и Австрија

ГЕОГРАФСКА ПОЛОЖБА И ГОЛЕМИНА

**Швајцарија** е средноевропска земја, која граничи со 5 држави, и тоа: Франција, Италија, Австрија, Лихтенштајн и Германија.

Во овие граници зафаќа површина од околу 41 285 км².

# Швајцарија и Австрија

ПРИРОДНО-ГЕОГРАФСКИ ОДЛИКИ

Швајцарија е високопланинска земја, со просечна надморска височина од 1 400 метри. **Швајцарските Алпи** се највисокиот дел во државата, со врвови над 4 000 м н.в. Тука снегот се задржува во текот на целата година и се застапени поголем број на ледници. Најголем меѓу нив е ледникот Алеч. Од овие предели извираат голем број на реки.

# Швајцарија и Австрија

Северозападно од Алпите се простира **Швајцарската Висорамнина**. Таа е исполнета со голем број на леднички езера, меѓу кои поголеми се: Боденско, Циришко и Женевско Езеро.

# Швајцарија и Австрија

Климата на планинските предели е планинска, со долги и снежни зими, а на пониските места е умерено-континентална.

# Швајцарија и Австрија

Реките иако се кратки, тие се полноводни и имаат голем хидроенергетски потенцијал. Најголемо сообраќајно значење има реката **Рајна,** која е пловна од градот Базел.

# Швајцарија и Австрија

Во Швајцарија денес живеат околу 8, 5 милиони жители, со просечна густина на населеност од 206 ж/км². Швајцарската нација всушност е комбинација од народи од 4 различни потекла. Од нив 70 % зборуваат **германски**, 20 % **француски**, 6 % **италијански** и 4 % **ретромански**.

# Швајцарија и Австрија

Тие се официјални јазици во државата, а освен припадници на овие народи, во Швајцарија живеат и: Португалци, Срби, Турци, Албанци, Шпанци и др.

Главен град на Швајцарија е **Берн** (околу 140 000 жители),

# Швајцарија и Австрија

Поголеми градови се: Цирих, Женева, Базел и Лозана. Сите тие се поголеми од главниот град, а меѓу нив најголем е Цирих со 400 000 жители.

# Швајцарија и Австрија

Швајцарија е сиромашна со суровини, но и покрај тоа е една од најразвиените земји во Европа. Се одликува со особено квалитетни производи од од областа на индустријата, а најразвиени индустриски гранки се: машинската, индустрија за прецизни апарати, производство на часовници и прехрамбена индустрија.

# Швајцарија и Австрија

За оваа држава особено значајна стопанска гранка, од која таа остварува големи приходи е **банкарството.** Швајцарија е земја која е посетена од туристи во текот на целата година. Најпосетени се **зимските туристички центри.**

# Швајцарија и Аустрија

Аустрија

# Швајцарија и Австрија

ГЕОГРАФСКА ПОЛОЖБА И ГОЛЕМИНА

Австрија е средноевропска земја, која граничи со 8 држави, и тоа: Словенија, Унгарија, Словачка, Чешка, Германија, Швајцарија, Лихтенштајн и Италија. Во овие граници зафаќа површина од околу 84 000 км$^2$.

# Швајцарија и Австрија

Во Австрија се простираат **Источните Алпи.** Оваа област во Австрија се нарекува **Тирол.** Високите планини кон исток постепено се спуштаат кон **Панонската Низина** и долината на реката Дунав.

# Швајцарија и Австрија

Климата на планинските предели е **планинска**, со долги и снежни зими, а на пониските места е **умерено-континентална**.

# Швајцарија и Австрија

Од реките најголема е **Дунав**. Други позначајни реки се **Ин и Мура**. Сите тие припаѓаат во сливот на реката Дунав, односно во Црното Море.

# Швајцарија и Австрија

Во Австрија денес живеат околу 9 милиони жители, со просечна густина на населеност од 105 ж/км². Од нив 80 % се Австријци, а останатите се по потекло од поранешните југословенски земји, Германци, Турци и др. Австријците се од групата на народи германи

# Швајцарија и Австрија

Главен град на Австрија е Виена (речиси 2 милиони жители), а други поголеми градови се: Грац, Линц, Салзбург и Инсбрук

# Швајцарија и Австрија

Австрија располага со наоѓалишта на: јаглен, железо, олово и цинк. Од индустриските гранки развиени се: металургијата, машинската, текстилната, прехрамбената и дрвната индустрија. Исто така развиено е и сточарството. Од останатите стопански гранки развиен е и туризмот, а најпосетени центри освен главниот град се Инсбрук и Салзбург.

# Лихтенштајн

Лихтенштајн е кнежество сместено помеѓу Швајцарија и Австрија. Има површина од 160 км², на која живеат околу 40 000 жители или околу 230 ж/км². Главен град на државата е Вадуц со околу 5 500 жители, низ него минува изворишниот дел од реката Рајна. Населението во најголем дел го сочинуваат Германци и Австријци.

# Швајцарија и Австрија

Домашна задача:
Нацртајте ги географските карти на  Австрија и Швајцарија внесете ги соседите и поголемите градови

Нас.МКрстевска